Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 20//0306
12.02 20 25 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 09.11.2025 година, врз основа на примена жалба од Град Скопје, ја донесе следнава:

**ОДЛУКА**

**ЖАЛБАТА Е НЕОСНОВАНА**

Текстот со наслов **„СКОПЈЕ ЈА ГУБИ ТИТУЛАТА ЕВРОПСКИ ГРАД НА КУЛТУРАТА? Неспособноста на градските власти скапо ќе нè чини, повик за петиција за спас“**, објавен на онлајн медиумот Плус Инфо (plusinfo.mk), на 19.12.2024 г. не отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2

1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

Жалителот**, Град Скопје** на 22.12.2024 г. до СЕММ упати жалба за текстот со наслов „СКОПЈЕ ЈА ГУБИ ТИТУЛАТА ЕВРОПСКИ ГРАД НА КУЛТУРАТА? Неспособноста на градските власти скапо ќе нè чини, повик за петиција за спас“, објавен на онлајн медиумот ПлусИнфо, при што се жали на неточно и нефер известување, во кој се изнесени невистинити податоци.

Жалителот, преку ополномоштен адвокат, меѓу другото, навел дека „тврдењата дека ‘Градот Скопје не направи значителен напредок во исполнувањето на директивите наведени од Европската комисија во изминатите 15 месеци’“, како и тврдењата на извесен Илија Вучков кои се пренесени, се неточни, манипулативни и шпекулативни. Напротив, процесите во исполнувањето на превземените обврски Скопје – Европски Град за 2028 година течат според предвидената и договорената динамика. Сметаме дека порталот врши неточно и нефер изветување, не е застапена втората страна односно не е побарана изјава од Град Скопје и со тоа е прекршен член 1 од Кодексот..“.

Жалителот наведува и други основи зошто смета дека содржината е неетичка и непрофесионална, а во прилог ја достави и целата содржина во пдф формат (компјутерски скриншот од текстот и линкот од објавата).

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со востановената процедура (членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби), по приемот стапи во контакт со медиумот и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Притоа, го потсети медиумот и на можноста случајот да се реши по пат на медијација, пред да биде разгледуван од членовите на Комисијата за жалби. На медиумот детално му беа појаснети наводите на жалителот и основите по кои смета дека е постапено непрофесионално при известувањето.

До СЕММ во предвидениот рок беше доставен одговор од медиумот во кој се отфрла жалбата и наводите во истата: „Што се однесува до конкретната жалба, не е вистина дека порталот Плусинфо не ја застапил втората страна и дека не известувал коректно. Имено, по објавата на иницијативата на Вучков, Плусинфо објави и став (демант, одговор) на Град Скопје, чиј автор е истиот адвокат. Дополнително, бидејќи темата е од неспорен јавен интерес, објавен е и став на министерот за култура Љутков “, се наведува во одговорот од медиумот, при што се приложени и линкови до објавените текстови.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Текстот со наслов **„СКОПЈЕ ЈА ГУБИ ТИТУЛАТА ЕВРОПСКИ ГРАД НА КУЛТУРАТА? Неспособноста на градските власти скапо ќе нѐ чини, повик за петиција за спас“**, објавен на онлајн медиумот ПлусИнфо (plusinfo.mk), на 19.12.2024 не отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето, при што не е прекршен ниту еден член од Кодексот на новинари на Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

Комисијата ги разгледа фактите поврзани со случајот и потврди дека станува збор за текст кој третира прашање што е од висок јавен интерес, односно прашањето за подготовките за настаните поврзани со Скопје - Европска престолнина на културата за 2028 година, што е важна обврска пред сѐ на градската администрација.

Комисијата оцени дека текстот е информативен, односно станува збор за вест за иницијатива на граѓански активист за одземање на ингеренциите за спроведување на обврските за манифестацијата на актуелната градоначалничка Данела Арсовска и нејзиниот тим којшто работи на оваа задача. Образложението на активистот се неговите сознанија од директни разговори во Брисел, дека Европската комисија би можела да ја одземе номинацијата на Град Скопје за Европска престолнина на културата за 2028 година, поради бавност и неактивност во подготовките.

Комисијата, исто така, сметаше дека во овој случај медиумот можел, но и немал потреба да бара мислење од Градот, бидејќи фокусот во текстот е ставен на иницијативата на активистот и на неговото образложение, односно на можностите номинацијата да биде спасена доколку навреме се преземат активности, но со друг тим. Впрочем, медиумот информирал за граѓанска иницијатива, за активист кој приложил доволно аргументи за темата за која зборува во јавноста. Оценките на медиумот изнесени во насловот на текстот се новинарско и уредничко право на медиумот врз основа на изнесени факти, а дополнително во дел од насловот каде се зборува дека Скопје ја губи номинацијата е ставен и знак прашалник, што според новинарските правила значи дека е оставен простор за дополнителна потврда или демант на тврдењето.

Комисијата ги имаше предвид и другите наводи од одговорот на медиумот, односно дека го објавил демантот-одговор од Град Скопје и дека на темата ѝ пришол и од друг агол, со друг текст во кој зборува и министерот за култура.

Од тука, Комисијата со мнозинство гласови оцени дека нема прекршување на Кодексот на новинарите на Македонија или на Насоките за известување во онлајн медиумите, документ на СЕММ.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено. Во работата на Комисијата учествуваа членовите, Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Снежана Трпевска, Жана Божиновска Тамара Чаусидис и Зериета Јајага и Димитар Мицев.

*Согласно член 8 од Статутот на СЕММ и член 18 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, медиумот е должен оваа одлука да ја објави во рок од три дена од добивањето на истото место каде што бил објавен и текстот со кој е прекршен Кодексот.*

Со почит,

Претседателка на Комисијата за жалби
Снежана Трпевска

Совет за етика во медиумите
на Македонија

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2

1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595